22584

Н. МАКЕДОНИЈА, 14-XI-1975 г.

# НАГРАДА ЗА КЕРАМИЧКАТА КОЛОНИЈА

Ресен, ноември

На свечената седница на Општинското собрание во Ресен посветена на Денот на ослободувањето, на претседателот на Советот на Ресенската керамичка колонија Никола Василевски, му беше врачена наградата „5 Ноември" за посебна активност и достигања на оваа млада културна манифестација, формирана пред четири години. Признанието на Колонијата и е доделено за резултатите што таа ги постигнува во обликувањето на керамиката во Преспа, крај познат со грнчарски производи од најстари времиња, за афирмацијата на керамичките творби меѓу љубителите на керамичката уметност ширум целата наша земја, како и за придонесот во подобрување на културниот живот во Општината и за развојот на преспанскиот туризам.

Инаку, Ресенската керамичка колонија засега располага со 170 разновидни експонати што ги изработија најпознати керамичари од нашата земја. Творбите досега се изложувани во Белград, Суботица, Ресен, Отешево и други места, каде што предизвикаа интересирање кај посетителите.

— Доделувањето на наградата за нас претставува вредно признание, но истовремено и обврска уште поинтензивно да се ангажираме за нови достигања и дострели — ни рече директорот на Работничкиот универзитет во Ресен, во чии рамки работи Колонијата, — Александар Крстевски.

## Изложба на книги

Матичната библиотека во Ресен по повод „Месецот на книгата", во салата на Работничкиот универзитет отвори изложба на книги, главно со тематика од НОВ и Револуцијата, како и марксистичка, детска и литература на народностите. Најголем дел од изложените книги библиотеката ги набави во текот на годинава.

## Концерт на триото „Лоренц"

Во рамките на културните манифестации посветени на 30-годишниниот јубилеј од ослободувањето на земјата и победата над фашизмот, Работничкиот универзитет од Ресен деновиве организира гостување на триото „Лоренц" од Љубљана,

Г. Г.